Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Текстуални задачи – 4-2

Прочитајте го внимателно текстот во следниве задачи. Видете што е дадено (познато), што се бара (непознато) и најдете начин како да ги определите непознатите вредности од познатите. При решавањето на задачите може да го примените и методот на отсечки https://matematika-plus.weebly.com/metod-na-otsecki.html.

1 Во едно средно училиште имало 333 ученици во прва година, во втора година имало 76 ученици помалку отколку во прва, во трета имало 47 ученици повеќе отколку во втора, а во четврта година имало 3 пати помалку отколку во прва година. Колку вкупно ученици имало во училиштето?

2 Во една градина имало 346 црвени лалиња, 274 жолти лалиња и 723 розово лале. Градинарот требало да ги спакува лалињата во кутии така да во секоја кутија да има најмалку по 4 црвени, по 3 жолти и по 5 розови лалиња. Колку најмногу кутии може да спакува градинарот?

3 Еден велосипедист тргнал од Охрид до Загреб преку Скопје и Белград. Погледнете ја шемата и податоците со растојанија и одговорете на прашањата.

а) Велосипедистот се наоѓа 25 km пред Скопје. Колку километри поминал? Уште колку километри му останале до Белград? А до Загреб?

б) Велосипедистот стигнал во Скопје и поминал уште половина од дотогашниот пат. Колку километри му останале до Белград?

в) Кога велосипедистот се наоѓа на средина помеѓу Охрид и Загреб, колку е оддалечен од секој од градовите?



4 На еден фудбалски натпревар во публиката имало вкупно 3483 гледачи, од кои 539 биле деца. Меѓу возрасните имало три пати повеќе мажи од жени. Колку возрасни мажи имало на фудбалскиот натпревар во публиката?

Copyright © 2015 Математика +

Текстуални задачи – 4-2

Одговори

1 Во училиштето учеле вкупно

333 ученици во прва година,
333 – 76 = 257 ученици во втора година,
257 + 47 = 304 ученици во трета година,
333 : 3 = 111 ученици во четврта година.

Во училиштето имало вкупно 333 + 257 + 304 + 111 = 1005 ученици.

2 Бидејќи 346 : 4 = 86 и остатокок 2, потоа 274 : 3 = 91 и остаток 1, и 723 : 5 = 144 и остаток 3, градинарот може да спакува најмногу 86 кутии.

3 а) Велосипедистот поминал 172 – 25 = 147 km. До Белград му останале оние 25 km до Скопје и оние 435 km од Скопје до Белград, или вкупно 25 + 435 = 460 километри. До Загреб му останале овие 460 km и уште растојанието од Белград до Загреб од 393 km, што значи 460 + 393 = 853 km.

б) Велосипедистот од Скопје се оддалечил половина од 172 km, односно 86 km. Тоа значи дека до Белград му останале 435 - 86 = 349 km.

в) Од Охрид до Загреб има 172 + 435 + 393 = 1000 km. Половина од тоа е 1000 : 2 = 500 km, што значи дека кога велосипедистот е на средина на патот, од Охрид и Загреб е оддалечен по 500 km. Од Скопје е оддалечен 500 – 172 = 328 km, а од Белград е оддалечен 172 + 435 – 500 = 607 – 500 = 107 km.

4 Возрасни навивачи биле 3483 – 539 = 2944. Бидејќи мажи биле три пати повеќе од жени, значи дека на натпреварот имало 2944 : 4 = 736 жени, а 3 · 736 = 2208 мажи.

Copyright © 2015 Математика +